# Неизлечив рак



Macedonian

*Cancer that cannot be cured*

Во колку ракот не е спречен со соодветниот третман, клетките на ракот можат да се рашират од местото каде што ракот започнал. Тие можат да се рашират преку крвниот и лимфниот систем во други делови од телото. Овие клетки можат да прераснат во нов рак, во различен дел од телото. Тоа се нарекува метастаза. Клетките на рак можат да се рашират на повеќе места во човечкото тело.

Некои видови на рак не можат да се излечат, дури и ако ракот не е во метастаза. Лекарите би требало да кажат дали нечиј рак е излечив или не.

## Третман

Третманот може да помогне да се контролираат симптомите и ширењето на ракот, дури и за рак кој што не може да се лечи. Некои луѓе со неизлечив рак можат да го контролираат ракот со месеци или години. Тие можат да имаат неколку видови на третмани во тоа време.

Некои луѓе се приклучуваат во нови клинички третмани кои сеуште се во истражување. На тој начин тие ги испробуваат новите третмани за да се утврди дали тие се подобри од постоечките. Ако сте заинтересирани за тоа прашајте го вашиот лекар дали постои клиничко испитување на нов третман кој што би можел да биде соодветен за вас.

Некои луѓе се одлучуват да престанат со третман. Тие сакаат да го користат времето за други работи. Ова е лична одлука. Разговорите со лекар или советник можат да ви помогнат.

## Зборувајте за ракот

Луѓето имаат различни чувства и емоции кога им се каже дека нивниот рак не може да се излечи. Луѓето можат да станат нечувствителни, лути, исплашени или натажени. Некои луѓе можат да ја поднесат таа состојба подобро ако ги искажат своите чувства. Често, луѓето не се навикнати да зборуваат со своето семејство или со пријателите за работи кои што ги загрижуваат. Разговор со советник може да помогне.

Постојат групи за взаемна подршка во Мелбурн и низ Викторија, каде што луѓе со рак се собираат заедно и разговараат. Луѓето се здобиваат со сила споделувајќи ги своите чувства. Тие честопати и се смеат.

Во колку имате рак, може да ви биде тешко да им кажете за тоа на луѓе. Да им се каже на мали деца е особено тешко. Обично, најдобро е да се каже вистината и што може да се случи во иднината.

## Третирање на симптомите

Некои луѓе со неизлечив рак не чувствуваат болки. Други пак имаат болки. На пример, ракот може да порасне голем и да притиска на некој орган предизвикувајќи болка. Определен третман може да ги смири или ублажи болките и другите симптоми. На пример, радиотерапијата може да смали некои видови на рак, или со помош на операција ракот може да се отстрани.

Вообичаено, болките добро се контролирани со лекови. На лица со рак им е овозможен пристап на лекови за смирување на болките. Некои луѓе се загрижени дека можеби ќе станат зависни од дрога, ако употребуваат морфеин. Таква зависност е помалку возможна, доколку истите droги се употребуваат против болки предизвикани од ракот. Ако имате болки, кажете го тоа на вашиот лекар или на медицинската сестра така да болката може да се лекува. Ако вашето семејство е загрижено дека вие можеби ќе станете зависен од дрога, тогаш замолете го вашиот лекар да ги им го објасни тоа.

Можеби би сакале да зборувате со психолог за начин како да ја поднесувате болката. Тие можат да ви помогнат да се опуштите и да научите да мислите на други работи, наместо на вашите болки.

**Информативна Служба за Рак**:

- **Македонски** **(03) 9209 0169**
- **Англиски** **13 11 20**

1 Rathdowne Street
Carlton Vic 3053
Australia
Telephone: 61 (0)3 9635 5000
Facsimile: 61 (0)3 9635 5270
enquiries@cancervic.org.au
www.cancervic.org.au

December 2002

# Неизлечив рак



## Помош

Лице со неизлечив рак може да се чувствува добро. Но, понекогаш ракот го прави човекот да се чувствува болен или изморен. Третманот против рак исто така може да предизвика лицето да не се чувствува добро.

Пријателите и семејството веројатно ќе сакаат да ви помогнат. Работи кои што тие можат да ги направат за вас се да ви помогнат околу куќата, во градината или во приготвувањето на храна. Понекогаш е добро да имате пријател покрај вас кога имате третман.

Некои луѓе не знаат како да се однесуваат спрема свој близок кој што има рак. Ако имате рак, а вашите пријатели или семејството ве заморуват со нивни проблеми, тогаш може да ви помогне ако искрено ги искажете сопствените потреби. Ако тоа ви е тешко, побарајте помош од вашиот лекар, медицинска сестра, социјален работник во болницата или од други лица од медицинската професија како психолози или психијатри.

## Финансиски и други грижи

Финансиските проблеми уште повеќе ја отежнуват борбата со ракот. Луѓето болни од рак можеби треба да се советуваат да земат одмор од работа или порано да ја добијат superannuation исплатата. Вработените како и невработените луѓе можат исто така да дознаат дали на нив им е достапна социјална помош за болни или онеспособени, таканаречени sickness and disability payment.

Луѓето со рак исто така можеби имаат потреба од информации за работи како правење на тестамент, powers of attorney (овозможување на други луѓе да донесуваат правни одлуки во нивно име) и погреби. Постојат голем број на информации кои што се достапни и кои што можат да помогнат.

## Како до повеќе информации

- Рак – прашајте го вашиот лекар или јавете се на нашата телефонска информативна служба за рак.
- Групи за взаемна помош и информативни средби – јавете се нашата телефонска информативна служба за рак.
- Болки и други симптоми – зборувајте со вашиот лекар или медицинска сестра.
- Домашна помош – таканаречената Royal District Nursing Service служба се грижи за луѓето во нивните домови. Нивниот телефонски број е (03) 9536 5222. Во вашата општина (council) ќе ви кажат за слични служби во вашата околина. Социјалните работници во вашата болница исто така би можеле да помогнат.
- Исхрана, особено ако имате проблеми со гадење или губите тежина – разговарајте со dietitian – советникот за диетална исхрана во болницата.
- Правни работи – зборувајте со вашиот адвокат или правен советник. Ако немате адвокат, тогаш зборувајте со социјалниот работник при болницата.
- Финансиски прашања – социјалните работници би можеле да помогнат. Социјалната служба Centrelink може да има информации за социјална помош од Комонвелтот за онеспособени лица, болни лица или плаќања на лица кои се грижат за вас. Телефонирајте на бројот 13 27 17 или посетете ја нивната веб сајт страница на www.centrelink.gov.au
- Палијативна нега – тоа е служба кој обезбедува негуватели кои помагаат со згрижување, нега и конфор за луѓе кои се многу болни. Оваа нега може да се укаже во болница или дома. Телефонирајте на Palliative Care Victoria (03) 9662 9644.
- Смрт и жалост – советник би можел да помогне, или верско лице или духовен советник. Постојат и пасторални негуватели во болниците кои се грижат за болните од рак. Националната асоцијација за ожалостени лица (National Association for Loss and Grief) може да ги поврзе луѓето со советниците за жалост во нивната околина. Телефонирајте на (03) 9351 0358 или 1800 100 123 (бесплатен повик од внатрешноста на Викторија).

Ако имате потреба од преведувач кога зборувате со лице од медицинската професија, тогаш побарајте да се обезбеди преведувач. Потсетете го вашиот лекар, медицинска сестра или социјалниот работник да ви обезбеди преведувач.

The Cancer Council Victoria

*Macedonian*

*Cancer that cannot be cured*

**Информативна Служба за Рак:**

- **Македонски (03) 9209 0169**
- **Англиски 13 11 20**

1 Rathdowne Street
Carlton Vic 3053
Australia
Telephone: 61 (0)3 9635 5000
Facsimile: 61 (0)3 9635 5270
enquiries@cancervic.org.au
www.cancervic.org.au

January 2004